## *ПРЕДГОВОР*

*Годинашниов број на Зборникот на трудови на Филозофскиот факултет го посветуваме на два исклучително значајни јубилеи на оваа прва македонска високообразовна институција: 50 години од основањето и 75 години од почетокот на студиите по филозофија во Скопје.*

*Чинот на отпочнувањето со работа на Филозофскиот факултет во Скопје веднаш по завршувањето на Втората светска војна за Република Македонија претставува еден од најзначајните настани во нашата понова историја, кој понатаму претставува импулс за сестраниот научен, просветно-културен и општоцивилизациски развој на македонскиот народ и националностите кои живеат во неа.*

*Во далечната 1945 година, кога човештвото се ослободи од една од најретроградните идеологии - фашизмот, Владата на НР Македонија го донесе Законот за основање на Филозофскиот факултет, со што се удрени темелите на високото образование кај нас и основата за формирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.*

*Со чинот на започнувањето со работа на Филозофскиот факултет, на 16 декември 1946 година, се создадени услови Македонија да го започне својот пат на градење сопствена национална култура, образование и наука, на својот јазик, покренувана од плеада дејци низ вековната историја на македонскиот народ, но кои најчесто завршувале без успех.*

*Со овој чин се удрени темелите на развојот на фундаменталните науки и тоа општествените и природно-математичките. Сосема природно, во почетокот бил даден примат на оспособувањето наставнички кадар за основното и средното образование, кој недостасувал, па така Филозофскиот факултет станал првиот педагошки факултет со примарна национална задача подготвување наставнички кадри.*

*Иако Филозофскиот факултет бил отворен за работа на свечената седница одржана на 29. 11. 1946, а првите предавања започнале на 16. 12. 1946 година, би биле неправедни ако не спомeнеме дека првите студии по филозофија на овие простори биле организирани*

*во Скопје на 16. 12. 1920 година, како департман на Белградскиот универзитет. Иако овие студии биле организирани во друго време, од друга држава и со други цели, сепак даде особен придонес за развојот на научната мисла на овие простори меѓу двете светски војни, формирале бројни кадри кои понатаму даде особен придонес за развојот на македонската наука, култура и образование.*

*Во далечната 1946 година Филозофскиот факултет ја започнал својата дејност со два наставни оддела: филозофско-историско-филолошки и природно-математички со 20 наставници и 548 студенти, што за почеток претставувал импозантна работа, имајќи ги во вид високите стандарди (кадровските, просторните и останатите потреби) за работа на една високообразовна установа. Проблемите биле дотолку поголеми бидејќи со работа едновремено започнале повеќе студиски групи како што се: филозофија со педагогија, историја, историја на уметноста, македонски јазик, југословенска книжевност, романска филологија, класична филологија, математика, физика, хемија, биологија и географија со етнологија, кои барале бројна и хетерогена кадровска основа. Со еден збор, започнал да работи еден пристоен универзитет.*

*Сè побрзиот развој на земјата, проширувањето на материјалната и кадровската база на Филозофскиот факултет и нараснатите потреби од високостручни кадри, ја наметнале потребата од основање посебни факултети во Република Македонија за одделни научни области. Така, во 1958 година, од Филозофскиот факултет се одвоил природно-математичкиот оддел и е формиран Природно-математичкиот факултет, а во 1974 година од филолошкиот оддел е формиран Филолошкиот факултет.*

*Со особена гордост го истакнуваме и фактот што Филозофскиот факултет бил и останува носител на развојот и на низа други научни области како што се: психологијата, социјалната работа и социјалната политика, историјата на уметноста со археологија, одбраната, хуманистичките студии, дефектолошките науки и основа за формирањето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.*

*Денес, Филозофскиот факултет во Скопје претставува современа и модерна наставно-научна институција, во постојан растеж, следејќи ги современите достигнувања во научните области за кои е основан. Својата дејност Филозофскиот факултет денес ја остварува на 10 институти, 2 катедри и еден центар. Наставно-научната и истражувачката дејност на факултетот ја изведуваат 26 редовни професори, 21 вонредни професори, 23 доценти, 6 виши предавачи, 1 лектор, 34 асистенти и 16 помлади асистенти. Од нив 61 се доктори*

*на науки, а 42 магистри. Од научните области застапени на Факултетот до денес дипломирале 6.700 студенти, постдипломски студии завршиле 126 кандидати, а со највисокиот научен степен-доктор на науки се стекнале 147 кандидати.*

*Покрај наставната работа, кадрите на Факултетот се занимаваат и со научно-истражувачка работа, која резултира во публикување на десетици монографии и студии годишно, настапи на научни собири и симпозиуми во земјата и странство, настапи во средствата за јавно информирање и сл. Со еден збор, работата на Филозофскиот факултет остава белег врз вкупниот научен, културен и јавен живот на Република Македонија.*

*Денес, во рамките на меѓународната соработка што ја остварува Универзитетот во Скопје, Филозофскиот факултет соработува со голем број факултети од други земји, афирмирајќи ја македонската научна мисла и користејќи ги нивните искуства и достигнувања, полезни за развојот на нашата дејност.*

*Создавајќи бројна интелигенција на овие простори, Филозофскиот факултет не само што дава белег на сите збиднувања во нашата држава и пошироко, туку носи историска одговорност за создавање нови вредносни системи во сите области на животот што ги бараат крупните промени во политичкиот и економскиот систем на земјата, а особено во образованието, науката и културата кои се столб за духовниот просперитет на нашата млада држава.*

*Чествувајќи за големиот јубилеј, да продолжиме високо да го носиме просветителскиот факел запален од светите браќа Кирил и Методиј, носен од илјадници наши просветители, а го носиме и ние за да го предадеме на идните поколенија со гордост и достоинство, како што прилега на народите со долга традиција.*

*Проф. д-р Трајан Гоцевски,*
*Декан на Филозофскиот факултет во Скопје*